# И З В Е С Т У В А Њ Е
# ЗА ЛЕТНА ПРАКСА

Студентите запишани на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, се известуваат дека, практичната настава (летна пракса) во времетрање од 30 дена, **задолжителна** за студентите запишани во зимски второпат и летен второпат семестар на **четиригодишни** студии во учебната 2016/2017 година, а **факултативна** за сите останати студенти, ќе се реализира по завршувањето на наставните активности, а најдоцна до **15. септември** во тековната година, а постапката ќе се одвива според објавеното упатство за реализација на пракса на следниот начин:

- Преку Центарот за кариера студентот е должен да обезбеди упатница - писмо на меморандум на Факултетот. Писмото го потпишува Деканот, односно овластените продекани и се заверува со печат и број во Архивата на Факултетот.

**Сите информации во врска со практичната настава ќе бидат достапни на веб страната на Факултетот.**

- Информација за субјектите во кои може да се изведува практична настава подготвува и објавува Центарот за кариера.

- Верификацијата, односно признавањето на реализираната практична настава го врши одговорното лице - менторот со свој потпис на Потврдата издадена од субјектот во кој праксата е изведена.

- Потврдата потпишана од одговорното лице се доставува во Студентската служба на Факултетот при уписот на зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година. (Студентите за кои практичната настава (летната пракса) е **задолжителна**, а кои нема да достават потврда за обавена пракса **нема да можат да запишат** зимски семестар во учебната 2017/2018 година.)

Скопје, 16.05.2017 МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ